# УПРАВУВАЊЕ СО ПРИВАТНОСТА

## ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Canon

### КАКО РАМКАТА ЗА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРИВАТНОСТА НА CANON НИ ПОМАГА ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Canon Europa N.V. Групацијата („Canon EMEA“ или „Групацијата“) ги опфаќа Европа, Блискиот Исток и Африка, а во овој голем регион важат многу различни закони за приватност.

Canon има сеопфатна **рамка за одговорност за приватноста** што ги содржи водечките принципи и практики за заштита на податоците за да ѝ помогне на Групацијата, како и на оние на коишто им обезбедуваме производи и услуги, да се справат со прашањата поврзани со заштитата на приватноста, на еднообразен и стандардизиран начин на сите наши пазари, за да ни се овозможи непречено деловно работење.

Рамката за одговорност за приватноста го определува пристапот на Canon кон усогласеноста со законодавството за заштита на податоците и приватноста и нашата посветеност кон безбедно ракување со личните податоци, за да помогнеме во исполнувањето овие обврски според важечките закони за заштита на податоците, вклучувајќи ја и Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ („GDPR“).

Канцеларијата за приватност на Canon и нашата мрежа на Шампиони за приватност ги поддржуваат корисниците, партнерите и повеќе од 14.000 вработени, лоцирани во повеќе од 120 земји. Canon секогаш се стреми да се придржува до важечкото законодавство за приватност, подобрувајќи ги при тоа процесите за усогласеност со приватноста.

Рамката за одговорност за приватноста на Canon постојано се следи, ажурирањата се доставуваат до вработените користејќи соодветни канали и се обезбедуваат обуки онаму каде што е потребно.

**Рамката за одговорност за приватноста вклучува:**

- Рамковна политика за одговорност за приватноста
- Податоци за корисниците и политика за маркетинг
- Политика за управување при нарушувања на безбедноста на податоците
- Политика за обработувачи на податоци
- Политика за индивидуални права
- Упатства за управување со ризик по приватноста
- Упатства за управување со продавачите
- Упатства за приватност по дизајн
- Упатства за податоци од одделот за човечки ресурси
- Стандард за зачувување на податоците
- Упатства за спојување и преземање



# ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ ВО CANON

**ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ГРУПАЦИЈАТА CANON - ПРИВАТНОСТА КАКО ДЕЛ ОД КОРПОРАТИВНАТА ЕТИКА

Canon го воспостави „Кодексот на однесување на Canon“ во 1992 година, а подоцна го ажурираше како **Кодекс на однесување на Групацијата Canon** во 2001 година. Го појаснува стојалиштето на управата на Групацијата како и стандардите коишто треба да ги почитуваат нејзините директори и вработени при исполнувањето на своите улоги.

Создадоа картичка за усогласеност на јапонски и на повеќе од 20 други јазици, вклучувајќи англиски, француски и германски и им ја испорачаа на директорите и вработените во Групацијата ширум светот. На едната страна од картичката е испишан духот San-ji (Трите само), што е водечки принцип на компанијата од нејзиното основање, а на другата страна има тест за усогласеност што им овозможува на вработените да водат дневна самопроценка.

Ние подеднакво се водиме од духот **„San-ji“ на Canon при ракувањето со личните податоци на нашите корисници, вработени и партнери.**



CANON "San-Ji" Spirit

**Ji-hatsu (Self-Motivation)**
Take the initiative and be proactive in everything you do

**Ji-chi (Self-Management)**
Conduct yourself responsibly and be accountable for all of your actions

**Ji-kaku (Self-Awareness)**
Understand the situation you find yourself in and your role in that situation

Our commitment under the "San-Ji" Spirit:

- **We must observe and act in accordance with all applicable laws and rules.**
- **We must always conduct ourselves in a fair, honest and ethical manner.**

Canon

Compliance Test

**Would your actions**

- ☐ violate any laws or rules?
- ☐ leave you feeling guilty?
- ☐ disappoint your family, friends or co-workers?
- ☐ embarrass you if reported publicly in the news?
- ☐ cause trouble for the community?
- ☐ harm the Canon Brand?

**When in doubt, always consult your superior or the designated department.**

## SAN-JI

### JI-CHI (САМОУПРАВУВАЊЕ)

Одговорно се однесуваме при обработката на личните податоци на нашите корисници, вработени или партнери и покажуваме одговорност за нашите постапки.

### JI-KAKU (САМОСВЕСТ)

Настојуваме подобро да ги разбереме потребите на акционерите со тоа што луѓето секогаш ги вклучуваме во процесот на донесување одлуки. Ова е принцип што нè води кога нашите постапки може да влијаат на приватноста на поединците со кои работиме.

### JI-HATSU (САМОМОТИВАЦИЈА)

Преземаме иницијатива пред вид да ја имаме приватноста, секогаш и во сè што правиме. Приватноста по дизајн ни помага да го вградиме елементот приватност на проактивен начин.

За повеќе детали, посетете ја страницата
**https://global.canon/en/csr/management/risk.html**

